**Известување за постапката за упатување на скенирање со радиоизотопи на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина**

Ве известуваме дека од **15.04.2014 година**, упатувањето за **скенирање со радиоизотопи** на Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина, Медицински факултет во Скопје ќе се врши на следниот начин:

1. Упатувањето на пациенти **за скенирање** го прават само **лекари од секундарно и терциарно ниво (специјалисти/субспецијалисти).**
2. **Еден упат се користи само за ЕДЕН вид на скенирање.** Доколку се потребни повеќе видови на скенирања за еден ист пациент, лекарот е должен да издаде повеќе упати за истиот пациент.

Постапка на креирање на упат за скенирање:

1. Се избира тип на упат : **Упат кон Нуклеарна медицина**.
2. Се избира Клиника: **Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина.**
3. Се избира Оддел: **Нуклеарна медицина-скенирање.**
4. Се внесува телефон за контакт на пациентот (мобилен или фиксен).
5. Се избира Видот на скенот: **од опаѓачко мени.**
6. Во полето Вид на скен (опис) може да се внесе текст за дообјаснување на бараниот преглед. Ова поле не е задолжително.
7. **За терминот на скенирање пациентот ќе биде контактиран на телефонскиот број наведен во упатот. Ве молиме да внесете точен и валиден телефонски број на пациентот.**

Доколку имате било какви дополнителни прашања, Ве молиме јавете се во Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина на телефонскиот број **070-396-633**, секој ден од 10 до 12 часот.

Со почит,

**Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина**
**и**
**Министерство за здравство**